ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Јуни 2023 година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Јуни 2023 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи изнесуваат 240,616 илјади денари и тие се за 15% намалени во споредба со вкупните приходи остварени во истиот период од 2022 година кога достигнааа износ од 283,825 илјади денари.
Од вкупните приходи 96,63% се приходи од продажба на производи и услуги додека финансиските приходи учествуваат со 3,37%.

**Вкупни расходи**

Вкупни расходи достигнаа износ од 226,525 илјади денари и тие се за 23.6 % намалени во споредба со расходите остварени во истиот период од 2022 година.
Од вкупните расходи најголем индекс на опаѓање бележи набавната вредност на трговски стоки и трошоците за вработените.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 30.06.2023 година изнесуваат 94,499 илјади денари и забележаа намалување од 11,68% во споредба со 31.12.2022 година кога достигаа износ од 106,996 илјади денари.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за дадениот период изнесуваат 145 илјади денари.

**Нето добивка**

Како резултат на намалувањето на оперативните расходи за шест индексни поени, во споредба со намалувањео на оперативните приходи, Технокомерц АД – Скопје за периодот од 01.01-30.06.2023 година оствари нето добивка од 7,797 илјади денари.

Технокомерц АД Скопје